РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PER CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-1080/7

06. 06. 20 22 год.-viti

Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 37 седница одржана на 06.05.2022 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Наставник за одделенска настава", прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Климент Охридски"- Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Наставник за одделенска настава",", прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Климент Охридски"- Битола, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран наставник за одделенска настава/во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor elementary school teacher.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 - Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Образование (505)
Научно – истражувачка област: Педагогија (50500), Дидактика (50501), Методика (50504) Èлементарно образование (систем и методи) (50507).

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 45 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 01-1127/8-1 од 27.10.2021година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Наставник за одделенска настава",прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Климент Охридски"- Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-1243/1-1 од 09.11.2021 година (наш бр. 08 - 1080/1 од 15.11.2021 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 27-та седницата одржана на 09.12.2021 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 1080/6 од 16.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 37 седница одржана на 06.05.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова